Агенција за промоција и поддршка на туризмот на
Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit
në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 04-82/6
18.02 2022 год./viti
Скопје / Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

- АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ -

Врз основа на член 4 од Законот за укажувачите, член 2 и 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор и насоките дадени од страна на Министерство за правда бр.14-2505/2 од 14.09.2021 година, директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, на ден 21.02.2022 година го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

## за назначување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи

1. За овластено лице за прием на пријави од укажувачи се назначува и овластува административниот службеник **Славчо Јосифовски,** вработен во Агенција за помоција и поддршка на туризмот, шифра на работно место УПР0101В04000 - помлад соработник за поддршка на проекти

2. Овластеното лице се задолжува:
- да врши прием и постапување по пријавите од укажувачите каде што има сомневање или сознание дека е извршено се врши или ќе се изврши, казниво дело или друго незаконито или недозволено постапување со кое се загрозува јавниот интерес;
- да ги заштити личните податоци на укажувачот, односно податоците кои може да го откријат идентитетот на укажувачот кој пријавува анонимно или доверливо, согласно со прописите за заштита на лични податоци;
- да го информира укажувачот кој е познат за превземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од приемот на истата.

3. Овластеното лице своите обврски ќе ги извршува согласно законот за заштита на укажувачи и правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор.

4. Ова решение да се објави на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Согласно член 4 став 1 и 2 од законот за заштита на укажувачи заштитено пријавување укажувачот врши во институцијата, односно правното лице, за каде има сомневање или сознание дека е извршено, се врши или ќе се изврши казниво дело, или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес (во натамошниот текст: заштитено внатрешното пријавување). Заштитено внатрешното пријавување укажувачот врши на начин усно на записник или во писмена форма до лице овластено од раководното лице во институцијата, односно правното лице за каде пријавува.

Согласно член 2 став 1 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор раководното лице во институциите во јавниот сектор до кои укажувачот извршил заштитено внатрешно пријавување назначува овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување.

Согласно член 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор раководното лице при назначување на овластено лице се раководи од следното: да е лице вработено на раководно работно место, да има завршено високо образование во областа на правните, безбедносните или економски науки, да поседува безбедносен сертификат со степен во зависност од степенот на класификацијата на информациите со кои располага институцијата за каде лицето се назначува, да има работно искуство во постапување по пријави, односно претставки, работа со странки, вршење надзор, преземање истражни односно инспекциски дејствија, вршење ревизија или внатрешна контрола или друго работно искуство во извршување должности во доверливост, добивање и испраќање податоци до други институции и упатување на странки.

Согласно член 4, став 8 од законот за укажувачи, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот поднесе барање бр.03-163/10 од 02.09.2021 година до Министерство за правда за добивање на насоки за донесување на правни акти. Во насоките дадени од страна на Министерство за правда бр.14-2505/2 од 14.09.2021 година, се објаснува дека раководното лице може да назначи лице за прием на пријави на укажувачи кое исполнува еден или повеќе критериуми. Доколку постојат повеќе такви лица, раководното лице ќе го назначи за овластено лице за


Агенција за промоција и поддршка на туризмот
Република Северна Македонија
Ул. ГТЦ, кат2, локал 11, 1000, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3223 101
info@tourismmacedonia.gov.mk.
www.tourismmacedonia.gov.mk

**Влада на Република Северна Македонија**

\- АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ -

прием на пријави на укажувачи, лицето кое има доволно односно споредбено повеќе познавања или искуство за да може да се запознае со и да ги применува одредбите од законот за заштита на укажувачи, Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор и внатрешната процедура за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите. Во дадените насоки се наведува дека исполнување на критериумот поседување безбедносен сертификат со степен на зависност од степеност на класификација на информацииите со кои располага институцијата за каде лицето се назначува е релевантен за институциите кои располагаат со информациии кои се сметаат за класифицирани согласно законто за класифицирани информации.

Согласно наведеното, имајќи го предвид член 3 став 1 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор и насоките дадени од страна на Министерство за правда бр.14-2505/2 од 14.09.2021 година, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заради транспарентност и доследна примена на законот за укажувачите се донесе решение за назначување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи, што воедно ќе им овозможи на укажувачите остварување на нивните права со давање на конкретни насоки, односно потполна пристапност во постапката за укажување.

Поради погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение

Доставено до:
- Овластено лице
- ВЕБ страната на АППТ
- Огласна табла на АППТ
- Архива

Изработил,
м-р Слаѓана Анѓелковска, Одделение за човечки ресурси

**Директор,**
**д-р Љупчо Јаневски**